ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# А Н А Л И З А

На состојбата во центрите за социјална работа во Република Северна Македонија на проблематиката на брак и семејство во период 2020-2022 годин

**Изработи**

**Аленка Binички Арсеновски**

Советник во Службата за надзор

над стручната работа и супервизија

Скопје, јануари 2024 година

СОДРЖИНА

1. РЕЗИМЕ ... 3

2. УСЛУГИ НА СТРУЧНА ПОМОШ И ПОСТАПКИ ВО ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ПРОБЛЕМАТИКАТА НА БРАК И СЕМЕЈСТВО ... 5

2.1. Услуги на советување ... 5

2.2. Услуги на стручна помош и постапки на проблематика на брак и семејство во центрите за социјална работа ... 6

*2.2.1. Стручна помош при нарушенипартнерски/брачни/семејни односи ... 8*

*2.2.2. Мировна постапка и доверување на дете ... 8*

*2.2.3. Постапка за доверување на дете родено во вонбрачна заедница ... 9*

*2.2.4. Постапка за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/блиски сродници со кои не живее ... 10*

*2.2.5. Стручна помош при склучување на брак на малолетно лице кое наполнило шеснаесет години ... 11*

*2.2.6. Постапка за надзор над вршење на родителското право ... 12*

*2.2.7. Постапка за одземање на родителско право ... 13*

2.3. Други постапки во центар за социјална работа на проблематиката на брак и семејство ... 13

3. СУМИРАЊЕ НА СОСТОЈБАТА ... 15

3.1. Состојбата во центрите за социјална работа во 2022 година споредбено со 2020 година ... 15

3.2. Движење на бројот на постапките во извештајниот период ... 16

4. ПРЕПОРАКИ ... 17

## 1. РЕЗИМЕ

ЈУ Завод за социјални дејности е јавна установа која согласно Законот за социјалната заштита спроведува активности на следење, истражување и анализа на социјалните појави и проблеми. Дел од подрчјето на работа е утврдување на состојбата во центрите за социјална работа и нивното постапување со примена на мерки на помош и заштита на деца и возрасни изложени на ризици од областа на брак и семејство.

Покрај превентивните активности, во центарот за социјална работа согласно Законот за социјалната заштита се обезбедуваат и услуги на упатување и информирање, услуги на советување и стручна помош на партнери, родители, деца и семејства преку примена на методите на стручната работа и мултидисциплинарен пристап.

Надлежноста и постапувањето на центрите за социјална работа е определено со Законот за семејството. Покрај постапките кои се однесуваат на постапувањето во бракоразводни постапки, утврдување на најдобар интрес на детето при родителската неусогасеност во одредени сегменти и уредување на релација родител-дете во период на разделеност, со цел заштита на потребите, правата и интересите на децата од дисфункционални семејства, како посебно осетлива категорија, се применуваат законоски мерки на надзорот над вршењето на родителското право.

**Предметот** на анализата е утврдување на состојбата на спроведени постапки и социјални услуги на проблематиката на брак и семејство во центрите за социјална работа во Република Северна Македонија во 2020, 2021 и 2022 година и увид во нивното статистичко движење во тригодишниот период 2020-2022 година.

**Методологијата користена во анализата** е дескриптивна статистика преку собирање, опис, презентација, анализа и интерпретација на податоците. Користен е нумерички преглед на вредности добиени од базата на податоци (годишни извештаи од центроте за социјална работа), графички преглед на движење на податоците преку користење на функции на Микрософт Ексел и пресметка на процент на промена (зголемување/намалување) на состојбата во 2021 и 2022 година споредбено со состојбата во 2020 година.

**Изворот на податоцит**е се годишните извештаи на триесет центри за социјална работа во РС Македонија за 2020г., 2021г. и 2022 година година,кои се официјален докумет и релевантен извор.

Од извршената анализа на податоците се констатира дека вкупниот број на постапките и услугите на проблематиката на брак и семејство во 2022 година за 43% е поголем споредбено со состојбата во 2020 година.

Континуитет на зголемувањето на бројот на постапки и услуги констатиран е кај седум од вкупно десет постапки и услуги што претставува 70% од вкупниот број на предметни постапки. Анализата по години укажува дека кај повеќето постапки највисокиот процент на зголемувањето се бележи во 2021 година.

Ваквата состојба на зголемувањето на постапките во центрите за социјална работа се должи на нормализација на начинот на работа по завршување на периодот на КОВИД пандемијата кој беше проследен со одредени ограничувања на движењето на населението како мерка на заштита, а со што се беше намалена можноста за благовремена и сеопфатна помош и поддршка на семејствата во справување и надминување на социјалните ризици на кои биле изложени.

## 2. УСЛУГИ НА СТРУЧНА ПОМОШ И ПОСТАПКИ ВО ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ПРОБЛЕМАТИКАТА НА БРАК И СЕМЕЈСТВО

Согласно Законот за социјалната заштита социјални услуги се услугите на информирање и упатување, стручна помош и поддршка и советување.Услугите на информирање и упатување опфаќаат информирање на граѓаните за правата од социјална заштита и расположливите социјални услуги, првична проценка и упатување до други институции, со цел остварување непречен пристап до правата и услугите.Услугите на стручна помош и поддршка на поединец и семејство се однесуваат на помош и поддршка за надминување на индивидуални и семејни проблеми. Услугите на советување опфаќаат советодавна работа, односно советувалишна работа, со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство.

### 2.1.Услуги на советување

Услугата на советување во центарот за социјална работа се реализира преку примена на различни методи и техники на стручна советодавна работа и е заснована на принципот на доброволност и соработка со корисниците.

**Табела 1 Преглед на број на услуги на советување во ЦСР во период 2020-2022 година**

| УСЛУГИ НА СОВЕТУВАЊЕ | 2020 година | 2021 година | 2022 година |
|---|---|---|---|
| Подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи | 736 | 784 | 839 |
| Советување при развод на брак | 1570 | 1806 | 1727 |
| **Вкупно** | **2306** | **2690** | **2566** |

Од добиените податоци презентирани во табелата 1 се констатира дека во центрите за социјална работа во 2022 година споредбено со 2020 година имало пораст на вкупниот број на пружени услуги на советување, и тоа за 11%.

**Графикон 1 Компаративен преглед на тренд на движење на услуги на советување во ЦСР во период 2020-2022 година**




Видно од графиконот 1 движењето на зголемување на реализирани услуги на советување било невоедначено при што во 2021 година порастот изнесува 17%, додека во 2022 година бројката на услугата спредбено со 2021 година се намали за 5%.

## 2.2.Услуги на стручна помош и постапки на проблематика на брак и семејство во центрите за социјална работа

Покрај услугата на советување која се спроведува во центар за социјална работа, предмет на извештајот се и услугите на стручна помош во постапките на проблематиката на брак и семејство кои се спроведуваат во центарот за социјална работа согласно законската надлежност, и тоа:

1. Стручна помош и поддршка при нарушени партнерски, брачни и семејни односи
2. Мировна постапка и мислење за доверување на дете
3. Постапка за доверување на дете родено во вонбрачна заедница
4. Постапка за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител со кој не живее/близок сродник
5. Спроведување на постапка по судско барање за склучување на брак на малолетно лице кое наполнило шеснаесет години
6. Постапка за надзор над вршењето на родителското право
7. Постапка за одземање на родителското право

Во табелата Т3 прикажани се податоците за бројот на реализирани постапки во центрите во тригодишен период 2020-2022 година преземени од годишни извештаи за 2022 година на 30[те] центри за социјална работа во Република Северна Македонија .

**Табела Т3 Преглед на број постапки во ЦСР на проблематика брак и семејство во период 2020-2022 година**

| ПОСТАПКИ | 2020 година | 2021 година | 2022 година |
|---|---|---|---|
| Стручна помош и поддршка при нарушени партнерски/брачни/семејни односи | 347 | 567 | 612 |
| Мировна постапка и доверување на дете | 2081 | 2373 | 2307 |
| Доверување на дете родено во вонбрачна заедница | 232 | 278 | 231 |
| Уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник | 1421 | 2027 | 2510 |
| Стручна помош при склучување на брак на малолетно лице со наполнети 16 години | 71 | 63 | 85 |
| Надзор над вршење на родителското право | 98 | 194 | 224 |
| Одземање на родителското право | 18 | 34 | 34 |
| **Вкупно** | **4268** | **5536** | **6126** |

Податоците од табелата 3 укажуваат дека вкупниот број на постапките во 2022 година се зголемил за 43% во однос на состојбата во 2020 година. Одделно по годините, во 2021 година бројот на постапки е зголемен за 30%, додека во 2022 година споредбено со 2021 г. зголемувањето изнесува 11%.

**Графикон 1 Преглед на трендот на движење на постапки во ЦСР на проблематика брак и семејство во период 2020-2022 година**




Од графиконот 1 се констатира континуитет на зголемување на вкупниот број на постапките во центрите за социјална работа во извештајниот период, и тоа во 2022 година за 43% споредбено со 2020 година. При тоа во 2021година процентот на пораст изнесувал 28%, а порастот во 2022 споредено со 2021 година едвојно помал,11%.

Гледано подетално по постапките од табелата 3 може да се констатира дека тенденцијата и интензитетот на зголемувањето на бројот на постапките во

извештајниот период не се движел воедначено кај сите постапки. Во 2021 година спредбено со 2020 година се бележи зголемување  во сите постапки со исклучок на склучување на брак на малолетно лице.

Во 2022 година се забележува намалување на бројот на постапките во однос на претходната година кај две постапки: мировната постапка и доверување на дете во бракоразводна постапка и кај постапката за доверување на дете родено во вонбрачна заедница.

### 2.2.1. Стручна помош при нарушенипартнерски/брачни/семејни односи

Постапката на стручна помош во центарот за надминување на нарушени партнерски, брачни и семејни односи е во насока на превенција, детектирање и надминување на акутна состојба и други ризици кои можат да произлезат доколку проблемите благовремено не се надминат или ублажат.

**Графикон 2 Преглед на тренд на движење на постапки на стручна помош на ЦСР при нарушени партнерски/брачни/семејни односи во период 2020-2022 година**




Движењето на спроведените постапки презентирани во графиконот 2 укажува на континуитет на пораст на постапките на стручна помош при нарушени партнерски/брачни/семејни односи во извештајниот период. Евидентно е дека во 2022 година имало значително зголемување од 76% споредбено со 2020 година. Најголем скок бил во 2021 година, и тоа со зголемувањето од 63% по што во 2022 г. продо лжи со значително намален процент од 8%.

### 2.2.2. Мировна постапка и доверување на дете

Центарот за социјална работа по судско барање спроведува постапка за мирење на брачни партнери покрената по тужба на еден од брачните партнери или по тужба за спогодбен развод на брак. Во случаи на заеднички деца, во центар за социјална работа се работи на усогласување на родителите за доверување на дете/ца

на еден од родителите и до судот се доставува извештај за исходот на постапката за мирење, а кога е неуспешна со предлог за доверување на детето.

**Графикон 3 - Преглед на трендна движење на мировни постапки и доверување на ЦСР во период 2020-2022 година**




Од добиените податоци прикажани во графиуконот 3 се констатира осцилација во движењето на бројот на мировни постапки и доверување на дете по судско барање спроведени во центри за социјална работа во извештајниот период. Имено, во 2022 година споредено со 2020 година бројот на постапки се зголемил за11%.

Гледано одделно по годините зголемувањето од 14% во 2021 година не продолжи и во 2022 година во која се бележи намалување на бројот на постапки за 3%.

### 2.2.3. Постапка за доверување на дете родено во вонбрачна заедница

Постапката за доверување на дете родено во вонбрачна заедница е во надлежност на центар за социјална работа. Во рок од два месеци доколку родителите не се спогодат кај кого од нив детето ќе остане на чување и воспитание или договорот на родителите не е во интерес на детето, центарот ќе донесе решение.

**Графикон 4 Преглед на тренд на движење на постапки на ЦСР за доверување на дете родено во вонбрачна заедница во период 2020-2022 година**




Податоците укажуваат на неконзистентност на движењето на бројот на постапките за доверување на дете родено во вонбрачна заедница во извештајниот период. Евидентно од графиконот 4 е дека во 2020 и 2022 година состојбата е безмалку идентична.

Во 2021 година бројот на постапките бил зголемен за 20% споредбено со претходната година, по што во 2022 година се намали за 20%.

#### 2.2.4. Постапка за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/блиски сродници со кои не живее

Центарот за социјална работа спроведува постапка по барање на родител/ близок сродник или по службена должност и уредува лични односи и непосредни контакти на дете со родител со кого не живее или со близок сродник во ситуации утврдени со закон.

Доколку родителите во рок од два месеци не се усогласат за начинот на одржување на контактите, центарот согласно Законот за семејството, носи решение со определена динамика и времетраење на одржување на лични контакти на детето со родителот или со блиските сродници.

**Графикон 5 Преглед на тренд на движење на постапки на ЦСР за уредување на лични односи и непосредни контакти на детето со родител/близок сродник во период 2020-2022 година**




Од добиените податоци се констатира теденција на зголемување на бројот на постапки во центаротза уредување на лични односи и непосредни контакти на детето со родител/близок сродник во цел извештаен период. Состојбата во 2022 година укажува на значително зголемување од 77% споредбено со состојбата во 2020 година.

Видно од графикотнот 5 интензитетот на растот е различен, и тоа во 2021 година зголемувањето било во пооглем процент од 43% споредбено со 2022 година кога изнесувал 24%.

### 2.2.5. Стручна помош при склучување на брак на малолетно лице кое наполнило шеснаесет години

Согласно Законот за семејството брак може да се склучи лице со наполнети 18 години, а судот може да се дозволи и за лице со наполнети 16 години доколку достигнало духовна и телесна зрелост потребна за вршење на правата и должностите што настануваат во брак. Во вакви ситуации мислење треба да даде соодветна здравствена установа и да се спроведе стручна советодавна работа во центарот за социјална работа.

**Графикон 6 - Преглед на трендна движење на постапување на ЦСР по судско барање при склучување на брак на малолетно лице со наполнети 16 години во период 2020-2022 година**




Од добиените податоци се констатира состојбата од 20% зголемување на постапките во 2022 година споредбено со 2020 година. Од графиконот 6 може да се види осцилацијата на бројот на постапките во извештајниот период. Имено, во 2021 година споредбено со 2020 година имало намалување на бројот на постапките за 12%, по што во 2022 година бројот на постапките пораснал за 35%.

### 2.2.6. Постапка за надзор над вршење на родителското право

Центарот за социјална работа спроведува постапка за надзор над вршење на родителското право на родител/и заради заштитата на детето/децата по добивање на сознанија за недостатоци во вршењето на родителското право на еден или двата родители кои ги загрозуваат развојните потреби на детето и ги занемаруваат неговите права и интереси.

**Графикон 7 - Преглед на тренд на движење на постапки во ЦСР за надзор над вршење на родителското право во период 2020- 2022 година**




Податоците укажуваат на континуитет на зголемување на постапките во центарот кои се однесуваат на примена на мерките на надзор над вршење на

родителското право во извештајниот период. Во 2022 година споредбено со 2020 година. бројот на применетите мерки на заштита на дете бил значително зголемен, за 128%.

Евидентно од графиконот 7 зголемувањето се движело со различен интензитет, и тоа во 2021 година изнесувал 98%, додека во 2022 година се намали на 15%.

### 2.2.7. Постапка за одземање на родителско право

Постапката за одземање на родителското право е во надлежност на судот и се покренува од страна на центарот или другиот родител доколку има аргументи за злоупотреба, грубо запоставување и/или занемарување на вршењето на родителското право кон едно или повеќе заеднички деца.

**Графикон 8 - Преглед на тренд на движење на постапување на ЦСР при одземање на родителското право во период 2020-2022 година**




Од добиените податоци прикажани во графиконот 8 се констатира висок пораст на бројот на постапките за одземање на родителското право во 2021 година споредбено со 2020 година, и тоа за89%. што не продолжи во 2022 година.

## 2.3. Други постапки во центар за социјална работа на проблематиката на брак и семејство

Другите постапки за кои центар има надлежност да ги покрене или да учествува, а кои се во поле на следење на постапување на проблематиката брак и семејство, се однесуваат на барања за согласност за издавање на патна исправа на дете, патување на детето вон Република Северна Македонија во одредени случаеви, како и постапување по Хашка конвенција за меѓународно грабнување на деца и плаќање на издршка.

**Табела 4 Преглед на број на предмети на други постапки во ЦСР на проблематиката на брак и семејство во периодот 2020-2022 година**

| ПОСТАПКИ | 2020 година | 2021 година | 2022 година |
|---|---|---|---|
| Согласност за издавање на патна исправа на дете | 522 | 619 | 807 |
| Согласност за патување на дете во странство | 118 | 126 | 226 |
| Постапување по Хашка конвенција | 13 | 12 | 12 |
| **Вкупно** | **653** | **757** | **1045** |

Вкупниот број на други постапки во проблематиката на брак и семејство според добиените податоци во табелата 4 укажуваат на зголемување во 2022 година за 60% споредбено со состојбата во 2020 година.

Гледано одделно по постапките континуитет на зголемување на постапување на центарот има во постапката за согласност за издавање на патна исправа на дете во цел период, и тоа во 2022 г. за 54% споредено со 2020 година, а постапката за давање согласност за патување на детето вон РСМ во 2022 година била значително зголемена, за 91%.

Постапувањето по Хашка конвенција се констатира дека состојбата во 2021 и 2022 година е истоветна, а споредбено со 2020 година е за една постапка помалку, што изразено во проценти претставува намалување од 8%.

**Графикон 9 - Преглед на тренд на движење на други постапки на ЦСР во период 2020-2022 година**




Од графиконот 9 се забележува трендот на движењето, и тоа во 2021 година зголемувањето изнесувало 16% спопредбено со состојбата во 2020 година, а со поголем интензитет продолжи во 2022 година, при што зголемувањето изнесува 38% во соодност со 2020 година.

## 3. СУМИРАЊЕ НА СОСТОЈБАТА

Анализата на добиените податоци и на движењето на бројот на постапки во извештајниот период може да се сумира во две точки согласно поставените цели на анализата.

### 3.1. Состојбата во центрите за социјална работа во 2022 година споредбено со 2020 година

Од извршената компарација на **состојбата во 2022** година со **состојбата во 2020 година** костатирано е следното:

- вкупниот број на постапките на проблематиката на брак и семејство зголемен е за 43%;

- бројот на услугите на советување зголемен е за 11%;

- постапката со услугата на стручна помош при надминување на партнерски/брачни и семејни проблеми зголемена е за 76%;

- мировната постапка и доверување на дете зголемена е за 11%;

- постапката за уредување на личните односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник зголемена е за 77%;

- услугата на стручна помош при склучување на брак на малолетно лице со наполнети 16 години зголемена е за 20%;

- постапките со примена на мерките на надзор над вршење на родителското право зголемени се за 128%;

- учеството на центрите во постапката за одземање на родителското право зголемена е за 89% и

- вкупниот број на други постапки во центрите на проблематиката на брак и семејство зголемен е за 60%.

Постапките кај кои во 2022 година споредбено со 2020 година не се констатира зголемувањето, туку незначително намалување се: доверување на дете родено во вонбрачна заедница (намалување од 232 на 231 постапка) и постапување по Хашката конвенција за меѓународно грабнување на деца и плаќање на издршка (од 13 на 12 посатапки).

### 3.2. Движење на бројот на постапките во извештајниот период

Покрај генералната состојба на зголемувањето на бројот на постапките, констатирана е невоедначеност на дви жењето на постапките во извештајниот период. Во тој контекст може да се резимира следното:

- ***Тренд на континуираното зголемување на бројот на постапки во целиот извештаен период се констатира кај 70% постапки и услуги*** кои се предмет на анализата, и тоа кај: услуги на советување за подготовка на брак, живот во семејството, родителството, планирање на семејството, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи; постапката на стручна помош и подршка при нарушени партнерски/брачни/семејни односи; мировната постапка и доверување на дете; постапката за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник со кој не живее; постапката за надзор над вршење на родителското право; постапката по барање за согласност за издавање на патна исправа на дете и постапка по барање за согласност за патување на дете во странство.

- ***Пикот на зголемувањето на поголем број на постапки е во 2021 година***. Значителен пораст на постапките во центрите во 2021 година споредбено со состојбата во 2020 годинае во корелација со периодот на укинување на мерките од КОВИД епидемијата, овозможување на непречено движење на граѓаните и продолжувањее на непосредна работа со корисници во центрите за социјална работа. Проблемите во семејствата во времето на КОВИД епидемијата кај дел од населението останале недектирани и нетретирани, а последиците на изложеност на епидемијата како социјален ризик од глобални размери, очекувано се рефлектираше со зголемувањето на социјалните проблеми и напораст на потребата од постапување и интервенции на центрите за социјална работа.Исклучок се две постапки на кои во 2022 година е забележан највисок процент на зголемување, и тоа: постапките по барање согласност за добивање на патна исправа на дете и согласност за патување на дете вон граници на РСМ. Ваквата состојба го одразува периодот на отварање на границите и промени во процедури за меѓународни миграции по завршувањето на мерките на заштита од епидемијата.

- **Корелација на движењето на постапките поврзани со советување при брачни конфликти/развод и мировна постапка.** Имено, податоците укажуваат дека во 2021 година мировната постапка и доверување на дете и услугата на советување при развод на брак се зголемила за 14-15% споредбено со состојбата во 2020 година, а во 2022 година кај двете постапки се бележи намалување од 3-4%.

## 4. ПРЕПОРАКИ

Констатираната состојба произлезена од анализата е зголемувањето на бројот на постапките во центрите за социјална работа во 2022 година споредбено со 2020 година, при што значителен фактор на влијание може да се наведе КОВИД епидемијата и последователни последици на сите нивоа, индивидуално, семејно и општествно. Ваквото зголемување на постапките во центрите за социјална работа укажува на потреба од опсежно истражување и анализа на конкретни проблеми на кои семејствата биле изложени, анализа на квалитетот на опшествениот одговор на сос тојбата, што е подолготраен процес и подразбира системски пристап со вклучување на сите релеванти чинители.

Улогата на центарот за социјална работа е компетентно и ефикасно да одговори на состојбата. Информации и податоци на функционална анализа на работата на центрите за социјална работа, на организацијата на работа, пристапите и методите во стручната работата, поставеноста и екипираноста со стручните кадри и обемот на работата ќе укаже на состојбата и потреба од промени во институционалната поставеност, реструктуирање, внатрешната реорганизација и осовременување на методите на работа во насока на подигување на професионално и ефикасно спорведување на постапките.

Квалитетна и навремена социјална услуга во центарот за социјална работа во постапките кои се дел на проблематиката на брак и семејство и во услови на зголемен интензитет се темели на:

- почитување на законската регулатива и начелата на социјалната заштита,

-континуирана професионална едукација и практична примена на знаењата во стручната работа,

- поврзување со заедницата и

- соработка со даватели на социјални услуги и институции од други ресори.